Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 19 став 2 алинеа 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 52 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а согласно член 23 став 2 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.09/26)

Советот на Општина Велес на 17-та седница одржана на ден _.10.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за давање согласност на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата со бр.01-159/6 од 21.10.2026 година

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

На ден 21.10.2026 година од страна на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес до Советот на Општина Велес доставено е Барање со бр.09-4473/1 за давање согласност на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата, донесена од Управниот одбор на ЈП„Парк-Спорт и Паркинзи“ Велес.

Согласно 19 став 2 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) „Управниот одбор на јавното претпријатие: Ги утврдува цените на производите и услугите“.

Согласно член 23 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.15/26):

„Ценовникот на услугите го донесува Управниот одбор на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ - Велес, а се применува по добиена согласност од Советот на Општина Велес, согласно закон и Статутот на јавното претпријатие“.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 01-1316
21.10.2026
ВЕЛЕС

ЈП „ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ“ – ВЕЛЕС

Врз основа на член 39 и член 81 од Статутот на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ – Велес, а согласно член 23 и член 30 став (1) точка 4 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес бр. 09-3798/11 од 09.09.2026 година, Управниот одбор на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи“ – Велес, по предлог на директорот, на седницата одржана на 21.10. 2026 година, го донесе следниот:

Ц Е Н О В Н И К

на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата

Член 1
(Предмет)

Со овој Ценовник се утврдуваат цените на услугите за користење на јавните паркиралишта со наплата од значење за Општина Велес, цените на паркинг дозволите, дневниот налог, привременото резервирање на паркинг места и другите услуги поврзани со системот на платено паркирање.

Цените се изразени во денари и претставуваат крајни цени за корисникот, со вклучени даноци и давачки што согласно важечките прописи се применуваат на конкретната услуга.

Член 2
(Цена за паркирање по час)

Услуга	Зона А	Зона Б	Зона Ц
Паркирање до 1 час	40 ден.	30 ден.	20 ден.
Секој нареден започнат час	40 ден.	30 ден.	20 ден.

Толерантниот период од 10 минути се применува согласно Одлуката и правилниците на Управувачот и не претставува дополнително бесплатно време по истекот на веќе регулирана паркинг-сесија.

При плаќање преку SMS, цената на SMS пораката што ја наплаќа мобилниот оператор не е составен дел на цената на паркинг услугата.

Член 3
(Период на наплата)

За јавните паркиралишта наплатата се врши од:

- во периодот на зимско сметање на времето: од понеделник до петок од 07:00 до 21:00 часот, а во сабота од 07:00 до 16:00 часот;
- во периодот на летно сметање на времето: од понеделник до петок од 07:00 до 23:00 часот, а во сабота од 07:00 до 17:00 часот;
- во недела и на државни празници паркирањето е без наплата, освен на паркиралишта со посебен режим.

За паркиралишта од затворен тип и паркиралишта со посебен режим, работното време може да се утврди со посебен акт на Управувачот и задолжително се објавува на влезот и на веб-страницата на Управувачот.

Член 4
(Дневен налог)

Услуга	Цена
Дневен налог за нерегулирана паркинг-сесија	500 ден.

Дневниот налог претставува цена на услуга за дневно користење на јавно паркиралиште и не претставува глоба или прекршочна санкција.

Член 5
(Резидентна паркинг дозвола)

Резидентна дозвола	1 месец	3 месеци	6 месеци	12 месеци
Прво возило по станбена единица	300	800	1.500	3.000
Второ возило по станбена единица	500	1.400	2.600	5.000

Резидентната дозвола важи за зоната, подзоната или паркиралиштето определено во договорот и не гарантира слободно паркинг место.

Член 6
(Деловна паркинг дозвола)

Период	Зона А	Зона Б	Зона Ц
1 месец	3.000	2.200	1.500
3 месеци	8.500	6.200	4.200
6 месеци	16.000	11.800	8.000
12 месеци	30.000	22.000	15.000

Деловната дозвола се издава согласно Правилникот за издавање, користење и евиденција на паркинг дозволи и важи за возилото и зоната утврдени во договорот.

Член 7
(Паркинг дозвола за вработени во институција)

Период	Цена по возило
1 месец	300 ден.
3 месеци	800 ден.
6 месеци	1.500 ден.
12 месеци	3.000 ден.

Дозволата важи исклучиво за паркиралиштето, односно подзоната пред, непосредно до или во склоп на објектот во кој корисникот работи, определена во договорот, и може да се користи само во текот на работното време на корисникот кај работодавачот. Дозволата не претставува резервација на паркинг место и не гарантира расположливост на слободно паркинг место.

Член 8
(Повластена паркинг дозвола)

Категорија	Цена
Лице со попреченост кое ги исполнува условите утврдени со закон и Правилникот	0 ден.

Други повластени категории може да користат цена утврдена со овој Ценовник само ако за нив претходно е утврден правен основ во Одлуката, Правилникот или друг важечки акт.

Член 9
(Претплатничка паркинг дозвола по зона за физички лица)

Период	Зона А	Зона Б	Зона Ц
1 месец	2.500	2.000	1.500
3 месеци	7.000	5.000	4.200
6 месеци	13.500	10.500	8.000
12 месеци	25.000	20.000	15.000

Претплатничката дозвола важи на активните јавни паркиралишта со наплата во зоната за која е издадена, освен на резервирани места, места со посебна намена и паркиралишта за кои е утврден посебен режим.

(Претплатничка паркинг дозвола по зона за правни лица)

Период	Зона А	Зона Б	Зона Ц
1 месец	3.100	2.500	1.800
3 месеци	8.800	6.200	5.200
6 месеци	17.000	13.200	10.000
12 месеци	31.000	25.000	18.800

Претплатничката дозвола важи на активните јавни паркиралишта со наплата во зоната за која е издадена, освен на резервирани места, места со посебна намена и паркиралишта за кои е утврден посебен режим.

Член 10
(Годишна претплатничка дозвола за сите зони)

Услуга	Цена
Годишна претплатничка дозвола за зоните А, Б и Ц – едно возило – физичко лице	35.000 ден.
Годишна претплатничка дозвола за зоните А, Б и Ц – едно возило – правно лице	45.000 ден.

Годишната дозвола за сите зони важи за едно конкретно возило и не претставува резервација на паркинг место.

Член 11
(Привремена паркинг дозвола и резервирање)

Услуга	Зона А	Зона Б	Зона Ц
Привремено резервирање на едно паркинг место за период до 24 часа	600	450	300

За период пократок од 24 часа се применува цената за еден ден. За период подолг од 24 часа цената се пресметува според бројот на започнати денови, најмногу за периодот дозволен со Правилникот за паркинг дозволи.

Член 12
(Блокирање и деблокирање)

Услуга	Цена
Поставување и отстранување механичко средство – блокатор	1.000 ден.

Оваа цена се применува само во случаи кога употребата на блокатор е дозволена со закон и согласно Одлуката и Правилникот за контрола на паркирањето.

Член 13
(Ослободување од плаќање)

Не плаќаат за користење на јавните паркиралишта возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарните единици и Министерството за внатрешни работи при извршување на нивните службени активности, согласно Одлуката.

Службените патнички моторни возила на државен орган, Општина Велес, јавно претпријатие, јавна установа, училиште, здравствена установа или друг субјект што врши дејност од јавен интерес, кога постои службена потреба за користење на јавно паркиралиште, се ослободени од надомест.

Член 14
(Начин на плаќање и важност на дозволите)

Паркинг дозволите се активираат по склучување писмен договор и извршено плаќање, освен за категориите со цена од 0 денари.

Повеќемесечните и годишните цени претставуваат единечна цена за целиот избран период и не се пресметуваат како збир на месечни цени.

Промената на возило и привременото заменско возило се вршат согласно Правилникот за издавање, користење и евиденција на паркинг дозволи, без дополнителен надоместок, освен ако е потребна нова материјална картичка или друг физички носач.

Член 15
(Влегување во сила и примена)

Овој Ценовник стапува во сила со денот на неговото донесување од Управниот одбор, а се применува по добиена согласност од Советот на Општина Велес и од денот на започнувањето на примената на новиот систем на платено паркирање согласно Одлуката за јавните паркиралишта од значење за Општина Велес.

Ценовникот се објавува на огласната табла и веб-страницата на Управувачот, а како акт од значење за корисниците и на начин утврден со Статутот на јавното претпријатие.

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП „ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ“ – ВЕЛЕС
Претседател
Мартин Ефремов

Јавно претпријатие
ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ
Бр. 01-1591/7
21.10 2026 год.
ВЕЛЕС

Врз основа член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24, 193/25 и 96/26) и член 39 од Статутот на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес,

Управниот одбор на ЈП „Парк Спорт и Паркинзи" на седницата одржана на ден 21.10.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата

Член 1

Со оваа одлука се утврдува Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес согласно член 23 став 2 од Одлуката за јавните паркиралишта од значење на Општина Велес бр.09-3798/11 од 09.09.2026 година.

Член 2

Ценовникот на услугите и надоместоците за користење на јавните паркиралишта со наплата со бр.01-159/6 од 21.10.2026 година е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува по добиена согласност од Советот на Општина Велес.

Доставено до:
-Членови на УО
-Општина Велес
-Архива

Управен одбор на
ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи"
Велес
Претседател
Мартин Ефремов

Јавно претпријатие ПАРК-СПОРТ И ПАРКИНЗИ ВЕЛЕС